




# Во нов случај на семејно насилство, полицијата уапси 55-годишен скопјанец - пукал со пиштол кон сопругата

Даниел Ѓорѓевски | 06.03.2026 | 974



Нов сучај на семејно насилство, овој пат во скопската населба Кисела Вода... Полицијата лиши од слобода 56 годишен скопјанец, под сомнение дека со пиштол се заканувал на својата 48-годишна сопруга и нивните три ќерки на возраст од 26, 24 и 18 години. Според информациите, во инцидентот физички била нападната 24-годишната ќерка.

Веста ја потврди и министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, кој истакна дека потенцијалниот сторител е задржан во полициска станица, а во соработка со Јавното обвинителство ќе се отвори предмет за целосно истражување на настанот.

Од Основното јавно обвинителство потврдија дека е отворен предмет и дека се преземаат сите законски мерки во врска со случајот.

Ова е втор сериозен инцидент на семејно насилство во Скопје само во текот на неколку дена. Претходно, јавноста беше сведок на самоубиството на мајка и ќерка во скопската населба Тафталиџе, кои се фрлија од висококатница по претходни пријави за тортура и семејно насилство. Случајот отвори широка јавна дебата за потребата од ефикасна заштита на жртвите и за спроведување на законските механизми против семејно насилство.

Инаку, според информациите од семејството, инцидентот се случил по претходна расправија во домот, а насилното однесување продолжило и неколку дена подоцна, кога повторно се заканувал со оружје кон сопругата, но бил спречен од ќерките.

Facebook | Twitter | LinkedIn

‹ Претходна вест
Стружани од денеска можат да ја користат водата од изворот Шум - укината е едномесечната забрана

Следна вест ›
ОЈО: Отворен е предмет за можни неправилности во постапувањето на Центарот за социјални работи за случајот од Тафталиџе

МАКЕДОНИЈА

Евакуираните македонски државјани од ОАЕ стигнаа во ...
Тим 24 | 08.03.2026

СДСМ: Оставка од Тошковски
Тим 24 | 08.03.2026

Менкиновски за ТВ 24: Од утре стартувам со легална ...
Тим 24 | 08.03.2026













НАЈЧИТАНИ

ЕКОНОМИЈА
Шок по празниците со сметките за струја
10.02.2026

Др. Ненад Лазаров од Клиничкиот центар алармира да не ...
11.02.2026

Кравите во сопственост на АХВ повторно се вратија во ...
11.02.2026

Семејството Јовановски имале досие во центарот за ...
04.03.2026

Се посилни борби на Блискиот Исток - се вклучуваат и ...
04.03.2026










Нашата мисија е да обезбедиме точни, навремени и објективни информации за случувањата во земјата и светот.
При пласирањето на информацијата се водиме од највисоките етички и новинарски стандарди.
Истовремено, нудејќи им на гледачите различен спектар на аналитички гледишта за општествените збиднувања, низ дебати и соочувања на ставовите.
+(389)2 6090 524 info@24vesti.mk

Download on the App Store
GET IT ON Google Play

Copyright © 2026 24.mk All Rights Reserved. Developed by Digimak.